Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 јуни 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ОСЛОМЕЈ 3.2” издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 210/23).
2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “28 јуни 2024 година” се заменуваат со зборовите “28 март 2025 година”.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5), Центар, Скопје (во понатамошниот текст: Друштво), на 22 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ОСЛОМЕЈ 3.2”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-298/24 од 22 мај 2024 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за ФЕЦ “ОСЛОМЕЈ 3.2” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 210/23).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал.

Друштвото има наведено дека причината за продолжување на лиценцата за пробна работа се бара бидејќи: „Согласно договорот за јавно приватно партнерство, АД ЕСМ се обврзува да обезбеди на приватниот партнер право на користење на сите катастарски парцели на кои е изградена фотонапонската електроцентрала. Бидејќи постапката за решавање на имотно правните односи помеѓу АД ЕСМ и Република Северна Македонија сеуште е во тек, а претставува основен услов за добивање на одобрение за употреба, кое одобрение за употреба е основен документ за аплицирање и добивање на трајна лиценца за работа. Не по вина на ОСМ СОЛАР како приватен партнер се јавува потребата за продолжување на лиценцата за пробна работа и го поднесуваме ова барање за продолжување на лиценцата за пробна работа за дополнителни 9 месеци.“

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1026/2 од 3 јуни 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 3 јуни 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ОСЛОМЕЈ 3.2" на Друштвото за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-298/24**
**3 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**